## МАКЕДОНСКИ КРАТОК ФИЛМ

# Станковски и Вангели - на фестивалот во Оберхаузен

Од 4 до 9 мај 2000 во Оберхаузен, Германија, ќе се одржи Фествалот на краток филм 2000 на кој ќе бидат прикажани и македонските филмови: "Дае" на Столе Попов, кој е добитник на Гран при на овој фестивал во 1979 година, како и делата од поновата експериментала филмска продукција - "Гази Баба" на Алексанадр Станковски & FYROM EKSPERIMENT и документарниот филм за Владимир Антонов на Жанета Вангели

Во рамките на овој Фестивал ќе биде прикажана и специјалната програма East 2000, која ќе содржи десет програми - секој од по 100 минути со кратки филмови и со уметнички видеа од продукцијата на источноевропските земји, реализирани во последниве дваесеттина години. Во рамките на оваа програма, чиј куратор е Марина Гржиниќ, видео автор и теоретичар од Словенија, ќе бидат прикажани и три дела од Македонија селектирани од Сузана Милевска, куратор во Отвореното графичко студио при Музејот на град Скопје.



„Антонов" на Вангели

Краткиот филм "Дае", од 1979, во траење од 16, 29 минути, работен на 35-милиметарска филмска лента, е веќе во аналите на светските фестивали, а како добитник на Гран При на истиот овој фестивал во 1979 година се наметна како најсоодветен учесник во оваа програма. Од поновата продукција на експерименталните филмски и видеодела ќе бидат прикажани две уметнички видеа: "Документарниот филм за Владимир Антонов", 1994 год., (Бета), во траење од седум минути на Жанета Вангели и "Гази Баба", 1988 год., видео (Бета), во траење од 2,37 минути на Александар Станковски.

М.ПЕТРЕВСКА